Од
СОС Детско село
Ул. Ристо Шишков бр.31,
1000 Скопје
Т:+389 (0)2 3290 556
www.sos.org.mk

БАРАЊЕ ЗА ПОНУДИ ЗА ДИГИТАЛНА МАРКЕТИНГ АГЕНЦИЈА ЗА КОНТИНУИРАНО, ТЕКОВНО УПРАВУВАЊЕ И ВОДЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ НА НАРАЧАТЕЛОТ И КАМПАЊИ ЗА РЕГРУТАЦИЈА НА ЗГРИЖУВАЧИ И ЗА ПОДИГНУВАЊЕ НА СВЕСНОСТА ЗА РОДИТЕЛСТВО

Предмет на набавката

Предмет на ова барање за понуди е избор на дигитална/маркетинг агенција која ќе обезбеди сеопфатни услуги за управување со социјални медиуми, креирање и имплементација на дигитални кампањи, како и планирање и реализација на платени објави (*sponsored posts / ads*).

Опфат на услугите

- Стратегија и планирање за континуирано, тековно управување и водење на социјалните медиуми на нарачателот и кампањи за регрутација на згрижувачи и за подигнување на свесноста за родителство;
- Развој на годишна и квартална маркетинг стратегија за континуирано, тековно управување и водење на социјалните медиуми на нарачателот и кампањи за регрутација на згрижувачи и за подигнување на свесноста за родителство;
- Дефинирање на цели, *KPI* индикатори и целни публики;
- Стратешки пристап за кампањи (*brand awareness, engagement, conversions*, со фокус на регрутација на нови згрижувачи);
- Менаџирање на 2 платформи (*Facebook, Instagram*);
- Поставување, уредување и оптимизација на профили;
- Дневна комуникација и мониторинг (*inbox, comments* – по договорен опфат);
- Креирање на текстуална и визуелна содржина, усогласена со брендот;
- Премиум дизајн на објави (постови, *stories, reels / short video formats*);
- Прилагодување на содржини по платформа;
- Подготовка на неделен и месечен календар на содржини;
- Навремена координација и усогласување со нарачателот пред објавување;
- Анализа на трендови и препораки за подобар *reach* и *engagement*;
- Континуирана оптимизација на содржините за промотивната кампања за регрутирање на згрижувачи и кампањата за подигнување на свесноста за родителство.

Кампањи:

- Осмислување и реализација на интегрирани дигитални кампањи;
- Креирање на креативни концепти, пораки и визуели;
- Поддршка за специјални кампањи, настани или сезонски активности;

Платени објави (*Sponsored posts / Ads*):

- Планирање и управување со буџети за платено огласување;

СОС ДЕТСКО СЕЛО

- Подготовка на *ad creatives* и *copy*;
- Оптимизација на кампањи;
- Извештаи за перформанси (*reach, engagement, CTR, CPC, conversions*).

Забелешка: Буџетот за платените кампањи ќе биде одделно дефиниран и не е дел од агенцискиот хонорар.

Поддршка и комуникација:

- Персонализирана поддршка од назначен *account manager;*
- Редовни координациски состаноци (месечно / квартално);
- Стратешки совети прилагодени на потребите на нарачателот;
- Месечни извештаи со реализирани активности, постигнати резултати, анализа и препораки за подобрување.